Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија
Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЗЕЛС - BNJVL
Бр.-Nr. 0202 - 627/3
16.07. 2021 год.-viti
Скопје-Shkup

# ЗАПИСНИК

од 18-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 16 јули, 2021 г.

Присутни: Петре ШИЛЕГОВ (Градоначалник на Град Скопје), Жика СТОЈАНОВСКИ (Градоначалник на Општина Илинден), Висар ГАНИУ (Градоначалник на Општина Чаир), Ивица ТОШЕВСКИ (Градоначалник на Општина Ранковце), Стефан БОГОЕВ (Градоначалник на Општина Карпош), Наташа ПЕТРОВСКА (Градоначалничка на Општина Битола), Аце КОЦЕВСКИ (Градоначалник на Општина Велес), Медат КУРТОВСКИ (Градоначалник на Општина Маврово Ростуше), Миликије ХАЛИМИ (Градоначалник на Општина АРАЧИНОВО), Сашо ПОЦКОВ (Градоначалник на Општина Гевгелија), Илија ЈОВАНОСКИ (Градоначалник на Општина Прилеп), Тони БОЈКОВСКИ (Претседател на Совет на Општина Гази Баба).

Дискусија:

Управниот одбор на ЗЕЛС едногласно го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на предлогот од Министерството за финансии за унапредување на фискалната децентрализација;
2. Разно

***

ПРВА ТОЧКА: Разгледување на предлогот за финансиска распределба на средствата за општините

Присутните беа запознати со предложениот концепт од страна на Министерството за финансии, со кој се предлага надминување на долгорочниот проблем со различното ниво на развој на општините и различното ниво на приходи кои истите ги остваруваат во контекст на соодветна распределба на средствата од финансиските трансфери. Беше разгледан предлогот за формирање на посебна агенција која би имала исклучителна надлежност да врши балансирање на дистрибуирањето на средствата за општините. Критериумите за распределба на средствата би биле 80% од бројот на жители, 5% големина - површина на општината и 15% број на населени места, или би останала постојната формула. Исто така би се формирале и фонд за финансиско воедначување и фонд за распределба на средства според перформанси. Во зависност од ефикасноста на општината во прибирање на средствата и реализација на буџетот би се додавале или одземале коефициенти при распределбата на средствата. Во овој контекст беше укажано и на состојбата со дури шест општини чија реализација по овој основ е под минималниот финансиски праг, што укажува и дека нешто не е во ред и со самата територијална организација.

Беше истакнато дека со утврдениот концепт недостига клаузула за задолжително реално прикажување на прибираните средства, но и механизам за спречување на намера за различно

прикажување на податоците. Постои објективно стравување дека ќе се намалат и средствата кои секоја општина ги добива заради пренесување на истите во двата предложени фонда, но и состојба кога некои општини би добиле средства по двата критериуми, а некои не би добиле воопшто. Тоа значи дека овие општини ќе имаат многу помалку средства отколку сега. Оттука, беше предложено, да се задржи минимумот од 4,5% од приходите од ДДВ, но и наместо зголемување на 7% барањето на ЗЕЛС е износот да биде најмалку 10% од вкупно прибраните средства од ДДВ како приход за општините. Исто така беше укажано и дека со промена на критериумите би се променил и начинот на распределба на средствата, па сиромашните општини би станале уште по сиромашни.

Беше укажано и дека амбициите на Владата се соодветните промени на прописите да може да се завршат до месец септември пред почетокот на изборната кампања со цел следната година да се започне со примена на новиот концепт во услови кога општините имаат голема потреба од систем за финансиско воедначување.

За да може да се донесе правилна одлука, беше побарано да се изврши прибирање на компаративни показатели од други развиени земји со соодветни симулации, кои постојат, но не се доставена до ЗЕЛС.

Постои непознаница за тоа како ќе се утврдува даночниот капацитет на општината што директно ќе влијае врз распределбата на средствата од предложениот фонд за перформанси, но и контрадикторност во функцијата на двата фонда, кога и оние општини кои оствариле помали приходи ќе бидат подобни за да примат повеќе средства од другиот фонд.

Концептот подразбира и репрограмирање на долговите, (општините должат 123 милиони евра) со вклучени долгови на Јавните комунални претпријатија и другите субјекти, формирани од општините.. Концептот со репрограмирање мора да биде јасен, односно не смее да се дозволи општините кои не работеле совесно и ги зголемиле долговите да бидат во поповолна положба од општините кои се грижеле за својата буџетската стабилност.

Беше предложено и да се формира и мала делегација од ЗЕЛС за да изврши посета и да ги дознае искуства од Бугарија со нивната Агенција за општински развој.

Кога станува збор за ваков концепт, треба да се опфатат и останатите клучни барања на ЗЕЛС кои би имале финансиски реперкусии како што е формирањето на комунална полиција, пренесени објекти во културата, пренесување на надлежноста на социјалната заштита. Ова пренесување на надлежностите би имале огромни финансиски последици.

***

Управниот одбор на ЗЕЛС ги донесе следните ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Барањето на ЗЕЛС, содржано во документот Систематизирани ставови на ЗЕЛС, кој е доставен на Владата, јасно кажува дека бараме 10% од ДДВ да се алоцираат за општините. Од тие 10% се предлага 7.5% да се распределат по одредени критериуми, додека остатокот од 2.5% да се искористи за воедначување или наградување на одредени општини. ЗЕЛС се уште мисли дека ова би бил најправичен начин на кој би се делеле финансиските средства на општините.

2. Согласно предлогот од министерството за финансии, ЗЕЛС мисли дека не соодветствува на потребите и дека не треба никако да се намали сумата која некои од општините би ја добиле со промена на процентот. Имено, мислиме дека основната формула би требала да предвиди дека поделбата на ДДВ, нема да биде помала од сегашната вредност, односно 4.5%, а остатокот од зголемувањето може да се користи за двата предложени фонда. Само да потсетиме, во предлогот од МФ се предвидува дека во 2024 основниот фонд за распределба на средствата од ДДВ би изнесувал само 3%, што би значело голем удар за некои општини.

3. Во однос на распределбата на средствата од ДДВ, мислиме дека најправедно би било таа да биде во следниот соодност, 70% према бројот на жители, 15% према површината на општината и 15% према бројот на населени места во општината. На овој начин поделбата би била правична и за општините кои имаат голема територија и за општините кои имаат голем број на населени места.

4. Барањето на ЗЕЛС, а согласно фактот дека е тоа практика во многу европски земји, е дека процентот кој се доделува на општините од персоналниот данок треба да биде најмалку 50%. Разбирајќи ја положбата со финансиски ресурси во државата во моментот, согласни сме почетокот да биде со 30%, што е далеку од предложените 6% во моментов. Критериумите за распределбата на средствата од овој приход треба да останат исти како и до сега.

5. Распределбата на средства од двата фонда, за воедначување и за перформанси, не се доволно јасни и даваат многу простор за недоследно спроведување. Затоа мислиме дека критериумите за распределба по овие два фонда треба да бидат многу попрецизни и појасни, што би ни ја дало вистинската слика за како на крај би изгледала таа распределба. Би било пожелно да се направат и дополнителни симулации за да членовите на УО на ЗЕЛС, но и сите други општини имаат јасен приказ што тоа би значело за нив.

**Скопје, 16 јули, 2021 г.**

**Составил**
**Стручната служба на ЗЕЛС**